**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Четвртото продолжение на Сто дваесет и четврттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 март 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,47 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто дваесет и четврттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нелко Стојановск, Љупчо Георгиевски, Гзим Острени, Славица Грковска, Игор Ивановски, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Абдулаќим Адеми, Фазли Велиу, Теута Арифи, Мендух Тачи, Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продоложуваме по 14 точка -Предлог за донесување на закон за финансиска полиција**

Претресот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1.Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за финансиска полиција.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за финансиска полиција, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите во работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стеногравските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници, 57 гласале, 57 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 17 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство, со предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи, нема пријавени за збор го заклучувам претресто и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлотот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 56 гласале, 56 за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 53 гласале, 53 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница и го претресе и предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот по Предлогот на законот.

Законодавноправната комисија ќе поденсе амандмани на член 4 став 1 за менување на став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, член 5 и член 6 став 5 и за менување на ставот 6 и на член 9 воведната реченица и по воведната реченица со кој се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски поднесоа амандмани на член 6 став 2 за новиот став 5 и на член 9 по кои Владата не се произнела.

Службите дали се информирани претставниците на Владата за продолжението?

Давам пауза од 15 минути за да дојде претставникот на Владата.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,10 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Исто така и претставникот на Владата да дојде во салата.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 во новиот став 5, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам преставникот на Владата да седне на своето место и да се изјасни дали го прифаќа овој амандман или не.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, амандманот се однесува на член 6 став 2 во новиот став 5 кој гласи:

Доколку детето е сместено во семејство на посвоители кои се странски државјани и кои не живеат на територијата на Република Македонија, семејството кај кое е сместено дете должно е половина од периодот на сместување на детето да го поминат на територијата на Република Македонија.

Ние предлагаме зборовите"половина од периодот на сместување на детето да го поминат на територијата на Република Македонија" да се заменат со зборовите: " во периодот на адаптација активно да соработуват со месно-надлежниот орган за старателство од државата во која живеат, а кој по истекот на адаптивниот период со стручен наод и мислење ќе го извести надлежното Министерство за труд и социјална политика за подобноста за адаптацијата.

Амандманот се однесува, пред се, во укажување на предлагачот дека потенцијалните посвоители кои се странски државјани и кои не живеат на територијата на Република Македонија треба половина од периодот за адаптација на детето да го поминат на територијата на Република Македонија. Апсурдот на вака предложената измена од стручен аспект е дека адаптацијата на децата и потенцијалните посвоители е период исполнет со взаемни интеракциски односи и релации со вклучување на сите останати под системи на идните посвоители, блиски роднини, пријатели, непосредна околина итн., па оттаму максималното адаптирање на новосоздадената средина ќе биде половична.

Исто така надлежното Министерство покажува една непримерна скептичност по однос на институциите кои ги третираат овие семејно правни односи, па оттаму зачудува фактот зошто стручниот наод и мислење за завршениот адаптабилен период на посвоеникот добиен од надлежна стручна институција од странска држава би бил помалку валиден од извештајот на нашите надлежни центир за социјални работи.

Од овие причини, ги повикувам пратениците да го поддржат овој амандман.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Министре, сакате да кажете нешто?

Повелете, дообјаснете.

**Стевчо Јакимовски:** Нема никаков апсурд, туку напротив, потребно е дел од адаптивниот период со закон да го уредиме да биде во Република Македонија од едноставна причина што се посвојуваат деца постари од една година, најчесто, тие деца не го знаат јазикот на земјата во која ќе одат, значи кај идните родители, неопходно е за тој временски период детето најпрвин да научи барем стотина основни зборови како би можело нормално да комуницира со своето семејство и во исто време за тој временски период најлесно и најбезболно ќе биде приспособувањето за да осанатиот дел од адаптабилниот период биде во земјата домицил каде натаму ќе живее и сето тоа да се одвива под будното око на стручните служби на Министерството за труд и социјална политика.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, од кои 15 за, 1 воздржан, 39 против.

Службите нека го утврдат бројот, бидејќи сме на почеток.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Го поништувам гласањето, бидејќи се 60 пратеника, сега сме 61, го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54, 11 за, 2 воздржани, 41 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни гласале 57, 10 за, 1 воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Јас ќе се задржам на членот 2 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за семејство во кој се бара зборовите: "потврда дека посетувале предбрачно и брачно советувалиште во Центарот за социјална работа кога прв пат склучуваат брак" да бидат избришани од основниот закон.

Мое размислување е дека ваквата потврда или посетите во предбрачното и брачното советувалиште за оние лица кои прв пат склучуваат брак нема да нанесат никаква штета и

според мене оваа одредба од Законот не треба вака како што е предложена, да постои од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Ние постојано се жалиме за зголемен број на разводи на брак, проблеми, семејно насилство, законот го менувавме, заради нарушени семејни односи, претходните измени на Законот за семејство и сега кога млади луѓе прв пат склучуваат брак, мислам дека е ред да посетат предбрачно советувалиште и брачно советувалиште во кое на тие млади луѓе кои треба да основаат нова заедница, треба да имаат некоја почетна или стартна позиција на која ќе им биде укажано на нивните права и обврски иако при склучувањето на брак се читаат, колку редот да мине, одредбите од Законот за семејство кои се правата, кои се обврските, какво презиме секој од брачните другари може да земе, сметам дека оваа надлежност од Центарот за социјална работа во делот на советување . . .

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам госпоѓо Којзеклиска ова треба да се поздрави, имате два претставника на Владата, министер и заменик министер. (Аплауз)

**Марија Којзеклиска:** До сега немавме ни еден, сега дојдоа двајца.

**Љупчо Јордановски:** Ова треба да се поздрави, прв пат се случува за овие четири години и тоа е за почит и поздравување. Продолжете.

**Марија Којзеклиска:** Очигледна некоординација кој треба да дојде на седница, во секој случај можеби вака засилени, па Владата, ако воопшто има некој пријавен можеби ќе поднесе амандман со кој ќе се бара членот 2 кој го предложила да биде избришан, а не да се брише посетата на предбрачно и брачно советувалиште.

Значи, ако бракот почитуван министре и почитуван заменик министер за труд и социјална политика, сметате дека бракот е институција на која почива целото општество редно е, како што реков предмалку, тие луѓе кои за прв пат склучуваат брак треба да бидат свесни за одговорноста и тежината која ја носи бракот со себе.

Сега, ние со една одредба велиме, предбрачното и брачното советувалиште не треба како одредба да постои или задолжителната посета на овие советувалишта во Центарот за социјални работи.

Ќе кажам повторно, се жалиме на бројот на нарушени семејни односи, треба тие луѓе да знаат на која основа, можеби некој ќе се предомисли и тоа ќе биде еден вид советувалиште ако луѓето почувствуваат дека при тие посети не се подготвени да бидат носители на една таква заедница како што е бракот.

Благодарам претседателе на укажувањето, еве ќе завршам, знам дека ви се брза да ја завршите седницата, значи, апелирам до Владата, до заменикот и до министерот, еве двајцата се тука, да ме поддржат и да го избришат членот 2 од Законот за измени и дополнувања на Законот за семејство.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни гласале 59 од кои 54 за, нема воздржани, 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за семејство.

**Минуваме на точката 18.- Барање за давање автентично толкување на член 62 од Законот за градот Скопје, поднесено од градоначалникот на Општина Кисела Вода.**

Барањето и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на член 62 од Законот за Градот Скопје, поднесено од градоначалникот на општина Кисела Вода не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до градоначалникот на општина Кисела Вода.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, гласале 58 од кои 54 за, нема воздржани, 4 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 19. - Барањење за давање автентично толкување на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, поднесено од пратеникот Ангел Димитров.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на член 5 од Законот за исплата на

платите во Република Македонија, поднесено од пратеникот Ангел Димитров, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Ангел Димитров.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни гласале 54, сите 54 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 20. - Барање за давање автентично толкување на член 121 став 1, алинеја 1, од Законот за градење, поднесено од Градоначалникот на општина Охрид.**

Барањето и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

Нема пријавени за збор..

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 121 став 1, алинеја 1, од Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Охрид, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до градоначалникот на општина Охрид.

Предложениот залучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни гласале 56 од кои 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 21. - Предлагач пратеникот Жарко Караџоски - Предлог за донесување Закон за изменување на Законот за средното образование, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и дописот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници што припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Предлог законот за донесување на закон за изменување на Законот за средно образование е доставен на 27 јануари 2006 година.

Бидејќи оваа седница е подолго време со дневниот ред, ќе кажам накратко од прилика кои се причините за предлагање на еден ваков закон.

Во Законот за средно образование во членот 88 е предвидено решение според кое орган на управување на јавното средно училиште е училишниот одбор.

Училишниот одбор на јавното средно училиште е составен од 12 члена и тоа 4 претставника од наставниците, 3 претставника од родителите односно старателите на учениците, три претставника од основачот и по еден претставник од Министерството и од деловната заедница.

Претставникот од деловната заедница учествува во работата на училишниот одбор, но нема право на учество при гласањето и донесувањето на одлуките на училишниот Одбор.

Во пракса, училишните одбори на државните и општинските средни училишта се соочуваат со проблеми и различни толкувања во врска со потребното мнозинство за донесување на одлука како на пример при одлучување за избор на директор на државно средно училиште. Училишниот одбор на државното средно училиште, покрај други работи, врши избор на директор од пријавените кандидати на објавен јавен оглас за именување на директор.

Исто така, училишниот одбор на државното средно училиште во рок од 7 дена од извршениот разговор со кандидатите му предлага на министерот кандидат за избор на директор и врши избор на директор.

Имено, во членот 88 став 10 е определено дека одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот. Различните толкувања и дилеми во училишните одбори произлегуваат од бројот на членовите на училишниот одбор или 12 члена од кои 11 члена учествуваат при гласањето и во донесувањето на одлуките, а еден член односно претставникот на деловната заедница учествува во работата, но нема право на учество при гласањето и донесувањето на одлуките.

Дилеммите се однесуваат на тоа дали за донесување на одлуката на училишниот одбор се потребни 6 или 7 гласа од вкупниот број на членови на училишниот одбор ако се има во предвид дека истиот е составен од 12 члена од кои само еден член од одборот нема право на глас. Со цел да се разрешат состојбите и

дилемимте во врска со донесувањето на одлуките и потребното мнозинство на членови од училишните одбори во државните и општинските средни училишта, предлагам решение со кое одлуките на училишните одбори ќе се донесуваат со мнозинство гласови од вкупиот број членови на одборот со право на глас. Тоа значи дека шест гласа од членовите кои имаат право на глас се доволни за донесување на одлука на училишниот одбор.

Од наведените причини има потреба за изменување на Законот за средно образование.

Значи, Законот е само еден член со кој се прецизира одредбата во членот 88 ставот 10. Морам да кажам дека до сега мислење од Владата не е пристигнато, но Владата достави, во меѓувреме, неколку предлози на закони, меѓу другото и еден ваков за средно образование каде оваа одредба, забележително е, дека е вкалкулирана, но не зависно од сето тоа јас немам намера да го повлечам законот, а пратениците нема потреба да не го гласаат затоа што во меѓувреме ако овој закон стапи на сила Владата ќе го корегира текстот од оној што е предложен во меѓувреме.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе. Се јавив само на кратко во поддршка на Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за средно образование предложен од колегата Караџоски од причини што одредбата во сегашниот член 88 на некој начин ги блокира донесувањето на одлуките. И со предложеното решение кое е повеќе техничко, би рекла, бидејќи јасно се прецизира мнозинството со кое треба да се донесе одлуката, односно во училишниот одбор за да се разреши дилемата која се појави во многу училишта за начинот на донесување на одлуката на училишниот одбор. Тука се работи само за еден член. Јас ценам дека има потреба, бидејќи ќе им се овозможи поефикасно одлучување, односно донесување на одлуки на училишните одбори.

Јас ќе дадам поддршка на овие измени.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собрнаието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за средно образование.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници.

60 пратеници гласале, 46 за, 1 воздржан, 13 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, 54 гласале, 42 за, 2 воздржани, 10 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови и од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, 58 гласале, 49 гласале за, нема воздржани, 9 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на закон, со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (3 пратеника)

Кој е против, молам да крене рака? (10 пратеници)

Дали има воздржан? (Нема)

Од 13 присутни 3 гласале за, 10 против, нема воздржан.

Констатирам дека Собранието не го донесе законот за изменување на Законот за средно образование.

**Минуваме на точка 22 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, со Предлог на закон.**

Предлагач пратениците Илија Китаноски, Илија Србиноски и Ѓорге Паљошковски.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, дописот на Законодавно-правната комисија, извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги,

Иако од донесувањето на Законот за радиодифизна дејност измина релативно краток период, сепак пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ смета дека има потреба од одредени интервенции во него и за таа цел предложи

Предлог за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, практично во два негови члена кои што се однесуваат на функционирањето на електронските медиуми. Практично, со овие измени на Законот за радиодифузна дејност се овозможува независност во функционирањето, пред се финансиското функционирање, значи независност во финансиското функционирање, а потоа и во уредувачката политика на електронските медиуми во Република Македонија. Имено, одредбите во постојниот Закон за радиодифузна дејност и решенијата кои таму се предлагаат, а кои се предмет на интервенција во овој Предлог-закон одат во една насока на директно, или индиректно слабеење на економската моќ на македонските електронски медиуми. Зошто е ова така? Констатацијата се поткрепува со фактот што се оневозможува прикажување на рекламни и телешопинг спотови за времетраењето на дневно-информативните програми и спортските натпревари кои пак од друга страна претставуваат најгледани содсржини на истите и со тоа логично и најатрактивни делови од програмата на електронските медиуми за рекламирање.

Економското слабеење на медиумите кои што со примена на постојните одредби неминовно ќе дојде, може да отвори простор за пенетрирање на економски капитал, процес кој може да предизвика и политичко влијание и мешање во уредувачката политика на односните медиуми од страна на одредени политички и економски центри. Затоа сметаме дека со прифаќање на решенијата кои ги предлагаме со овој Предлог-закон во голема мерка ќе се оневозможи инструментализација на електронските медиуми и можноста за нивно политичко влијание врз нив заради тоа што ќе биде поткопана нивната економска основа.

Индикативно е што иако овие одредби кои што се регулирани во членовите 99 и членот 100 во постојниот Закон за радиодифузна дејност, значи иако овие одредби се стапени на сила, сепак тие не се спроведуваат во пракса, односно надлежните органи не реагираат што е добро, затоа што ќе треба да ги забранат буквално сите вести на електронските медиуми и сите спортски, пред се фудбалски преноси. Но, од друга страна остава сомнеж за мотивите зошто не се реагира, или зошто се држи слепо до ова решение и заради кои цели се толерираат ваквите постапки евентуално во предизборниот период да можат да бидат искористени за политички притисоци врз електронските медиуми. Тоа е главниот мотив за сомневање и главната причина што сакаме со две јасни одредби да овозможиме она што навистина практично и функционира во Република Македонија, а тоа е дека вестите во нашите електронски медиуми се од поинаков тип и со поинаков концепт отколку вестите на СНН, или на ББС. Практично тоа се целовечерни емисии од 40 минути до 1 час и најгледани во исто време емисии, а да не зборувам за спортските, посебно за фудбалските преноси каде што секој од електронските медиуми со национална концесија имаат ексклузивни права и платени средства за пренесување на фудбалските шампионати на најатрактивните, најквалитетните фудбалски шампионати на Англија, Шпанија и Италија.

Со постојното решение во членовите 99 и 100 практично се оневозможува емитување на рекламни и телешопинг спотови за времетраењето на овие дневно информативни програми и на спортските натпревари. Со оглед на фактот, уште еднаш ќе повторам дека ова се најгледани делови од програмата, мислам на информативните емисии и фактот дека постојат веќе потпишани договори за емитување на спортски натпревари на годишно ниво од страна на повеќето електронски медиуми. Примената стриктна на горенаведените одредби би предизвикала значителна финансиска загуба во работењето на овие медиуми и автоматски нивна финансиска, економска, а со тоа и политичка независност, односно зависност.

Сметаме дека намалената финансиска моќ може да отвори простор за влијание врз нивната уредувачка политика од страна на одредени политичко економски центри на моќ што би значело еден директен атак врз нивната независност, субјективнот и можност за остварување на следната улога што би требало да ја имаат медиумите во едно демократско општество. Бидејќи од стапувањето на сила на Законот за радиодифузна дејност, па се до денес овие одредби не се почитуваат, а нема ни соодветна реакција од надлежниот Совет за радиодифузија, се создаваат сериозни индиции и сомневања дека ваквата состојба Владата намерно ја толерира и би ја искористила во соодветен погоден политички момент за неа.

Од мислењето што го добивме од Владата, претходно и од Министерството за транспорт и врски, единствената причина заради која што не се прифаќа, односно се одбива овој Предлог-закон е неговата наводна неусогласеност со европските конвенции, европските норми. И за тоа би сакал да дадам еден краток коментар. Мислам дека одговорот е навистина сведен само на тоа дека не е во согласност со европските конвенции. Меѓутоа, сепак треба да се води сметка дека според европските конвенции во вести не можат да се емитуваат реклами, не смеат да се прекинуваат спортските преноси и тн. Меѓутоа, според европските конвенции исто така, треба да знаеме дека во Република Македонија постојат приватни телевизии и радија можеби колку во сите европски земји заедно. И тоа не е во согласност со европските конвенции, па тоа го има кај нас. Значи, сепак, секој закон и секое негово конципирање треба да го сообразиме со состојбата која што е присутна во Република Македонија и да се однесуваме да ја регулираме таа состојба која што ја имаме, а не некоја замислена која што би требало да ја имаме.

Значи, на овој, или на оној начин им се ускратува правото на медиумите да вршат рекламирање во време на спортски натпревари, во време на емитување на вестите. Ќе повторам уште еднаш, значи и тоа е дел од образложението дека во вести во ниедна европска земја не се емитуваат телешопинг емисии, или реклами. Тоа е така, меѓутоа концептот на тие вести знаете сите дека тие траат 10, 15 минути, чисто информативни. За жал, или за добро, нашите вести на нашите електронски медиуми се целовечерни емисии кои што траат по 40 минути и се најгледани емисии на тие телевизии. И навистина секое директно влијание, односно оневозможување во најгледаниот термин на една телевизија да и се оневозможи да емитува реклами, односно да емитува рекламни пораки на компаниите кои што плаќаат и од кои што најголем дел се финансираат овие телевизиски куќи е директно загрозување на нивната економска, а со тоа и на нивната воопшто политичка независност. Значи, од тие причини.

Инаку, на почетокот на расправата иако овој закон е поднесен од прилика пред еден месец, на почетокот на комисиската расправа имаше размислувања и изјави од одредени колеги пратеници од позицијата, дека законот е прифатлив во некои сегменти и тн. Меѓутоа, после тоа, веројатно после добивањето на мислењето од Владата, и од Министерството за транспорт и врски се ретерира во тоа што навистина морам со жалење да го констатирам. Значи, го променија ставот. Меѓутоа, сепак сметам дека треба да се поддржи овој закон бидејќи еконоомската независност на медиумите е основен предуслов за нивна независност и во уредувачката политика. Затоа и ги предлагаме овие измени и со тоа со нивна поддршка ќе дадеме свој скромен придонес во развојот на вистинската демократија и на приближувањето на Република Македонија кон Европската Унија.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Томе Тромбев.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе, почитувани дами и господа, јас сакам само накратко да го искажам нашето мислење и како Комисија по однос на предложениот закон од страна на ВМРО-ДПМНЕ и како пратеник. После дискусијата на господинот Китаноски јас можам да констатирам дека уште во самото негово излагање тој призна дека ова не е во согласност со европските конвенции и европските директиви. Меѓутоа, потоа се сврти на некоја друга дискусија. Јас би сакал пак да повторам дека одредбите за рекламирање, телешопинг и спонзорство утврдени во новиот Закон за радиодифузна дејност се во целост усогласени со двата клучни европски документи со кои се регулира оваа област, а тоа се Конвенцијата за прекугранична телевизија на Советот на Европа и директивата Телевизија без граници на Европската комисија.

Конкретно во предложениот закон од страна на ВМРО-ДПМНЕ се бара да се изменат членовите 99 и 100, да се брише членот 100. Барањето е да се измени членот 99, односно да се брише членот 100 од Законот што би било во спротивност со правилата за вметнување, т.е. инсертирање на рекламите во програмите утврдени во членот 14 од Конвенцијата за прекугранична телевизија и членот 11, на директивата Телевизија без граници.

Во двата овие члена се вели дека рекламите можат да се вметнуваат во текот на програмите и емисиите на начин со кој што нема да се загрози интегритетот и вредноста на програмата, водејќи сметка за природните внатрешни паузи, времетраењето и карактерот на програмата. Многу јасно е напишано, многу прецизно определено и така е преземено од страна на подготвувачот на законот. Во рамки на Директивата Телевизија без граници и самата конвенција исто така е дадено и во кои програми воопшто неможат да се вметнуваат реклами, а тоа е оној делот каде што сака да се избрише членот 100. Имено, во директивата и конвенцијата се вели дека рекламите воопшто не треба да се вметнуваат само во преноси и снимки од верски служби без оглед на нивно траење. Кај нас оваа забрана е проширена и на вести и на други дневно информативни емисии без оглед на нивното траење. Бидејќи радиодифузерите континуирано настојуваа во претходниот период да ја заобиколат одредбата од претходниот закон за радиодифузна дејност во која се регулираше дека вестите и другите дневно информативни програми чие времетраење е помало од 30 минути, не смее да се прекинуваат со реклами. Така во пракса се создаде ситуација вестите да траат дури 40 и повеќе минути и премногу често да се создаде ситуација да се прекинуваат со реклами што влијаеше да се наруши интегритетот и вредноста на овој вид програми, бидејќи тие имаат пред се информативна функција.

И уште една додавка во однос на дискусијата на господинот Китаноски, дека согласно новиот Закон за радиодифузна дејност концесиските договори на постоечките национални и локални радиодифузери треба да се усогласат со новиот Закон во рок од 18 месеци. Затоа е лошо тука да се шпекулира зошто во овој период некои од концесионерите сеуште немаат преминато на новиот режим на користење на Законот за радиодифузна дејност, затоа што нивните концесиски договори сеуште не се усогласени со новиот Закон за радиодифузна дејност. Оттука сметам дека вака предложениот закон треба да се отфрли и да не се гласа за него.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, почитуван колега Китаноски како предлагач на законот кажавте во својата дискусија дека на расправата

на Комисијата за транспорт, врски и екологија имало изјави на пратеници од позицијата кои што рекле дека има простор за одредени решенија во овој закон, дека потоа реферирале врз основа на мислењето на Комисијата за транспорт, врски и екологија што е сосема неточно. Стојат и стенографските белешки од Комисијата и Извештајот од Комисијата, така што немаше пратеници кои што на расправата на Комисијата за транспорт, врски и екологија го поддржаа овој закон. На истата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија беа присутни и директорот на Асоцијацијата на приватни електронски медиуми и директорот на Центарот за развој на медиумите кои апсолутно го искажаа својот негативен став по овие Предлог на измени, а што ги застапуваат интересите на приватните електронски медиуми во Република Македонија.

Овие измени и дополнувања на Законот за радиодифузија ги штитат интересите на некои сопственици на приватните електронски медиуми, во делот на бришење на членот 100. Особено на бришење на членот 100. Во контекст на оваа дискусија сакам да потсетам на основните цели на Законот за радиодифузија што го донесовме минатата година.

Една од целите е заштита на интересите од корисниците. Заштита на интересите на потрошувачите во Република Македонија, односно примателите на информации во Република Македонија, во делот на следење на дневно-информативните програми, каде што предлага пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бришење на членот 100.

Во членот 100, што предлага целосно бришење на членот 100, во него се вели на вести и други дневно-информативни програми, како и во преноси или одложени снимки од верски служби, не е дозволено емитување на реклами или теле-шопонг спотови. Не е дозволено емитување на реклами или теле-шопинг спотови во актуелно-информативни програми, детски, документарни и верски програми чие планирано времетраење е помало од 30 минути.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предлага целосно бришење на членот 100, со што дневно-информативните емисии ќе се претворат, пред се, во телешопонг програми или пак реклами на одредени компании што е пак спротивно со Конвенцијата за прекугранична телевизија, која што пред се води сметка за конкуренцијата на пазарот во радиодифизната дејност и пред се интересот на корисниците. Тоа се потрошувачите во Република Македонија кои, пред се, бараат квалитетни информативни програми и, како што е пракса во сите европски земји каде што информативните програми служат, пред се за објективно информирање на граѓаните во сопствените држави.

Затоа, овој закон нема да го поддржиме од причини што е голем чекор назад во радиодифузната дејност, затоа што целосно е во спротивност со Конвенцијата за прекуграничната телевизија и со еворпското законодавство во делот на радиодифузната дејност.

Затоа, пратеничкаа група на Либерално демократската партија е воопшто против овие измени и дополнувања и нема да го подржи овој закон а не затоа што доаѓа од ВМРО-ДПМНЕ. Затоа што е спротивен и не е европски закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски, реплика, 3 минути повелете.

**Илија Китаноски:** Сакам само две дополнувања на она што претходно го кажав.

Значи кога кажав дека имаше изјави од пратеници од позицијата кои што во почетокот со одобрување гледаа на овој закон не мислев на седницата на Комисијата за транспорт и врски, туку претходните два дена на други комисии на кои што беа дадени изјави од страна на тие пратеници за медиумите. Така да еден од тие пратеници беше член и на пратеничката група на Либерално демократската партија , така да за нив зборував а не за Комисијата за транспорт и врски. Таму очигледно беа припремани, сите беа против. Инаку првичната верзија и првичната верзија беше дека треба да се поддржат, затоа што регулираат една материја која што може да се толкува двонасочно.

Инаку вака како што е сега предложен, односно како што е сега конципиран законот за радиодифузија, значи оневозможува вакви вести какви што сега емитуваат нашите електронски медиуми, значи или треба да бидат поинакви или треба едноставно а се придржуваат до законот. Сега, не знам што е причината, зошто досега не е така. Или можеби очекуваме, во наредниов период пред изборите да им се испратат инспекции, како што им се испратија во А1, финансиска, таму веројатно од радиодифузија ќе им испратат инспеција и ќе им забранат да рекламираат на тој начин во вестите и да вршат секакво друго рекламирање, што е во спротивност со Закнот.

Истото се однесува и на спортските преноси. Тоа значи дека досегашниот Закон, одредбите што се во членот 99 го забрануваат сегашниот начин што функционира во моментот. Или треба да се почитува Законот или треба да се сменат одредбите за да се прилаготат на она што во овој момент, во Република Македонија го имаме во електронскиот, во медиумскиот простор, посебно во електронските медиуми. Тоа е намерата, добрата намера на овој закон, а ако некој сака да наоѓа лоши намери во него, да го прогласува заназаден и не знам каков, тоа е негова работа и негов проблем. Навистина, намерата е добра, да се расчистат и разјаснат некои работи, за тоа што било која Влада, било кога може да ја толкува, односно треба да ја толкува онака како што е. А тоа е дека на ваков начин, како што се емитуваат сега информативните програми, вестите на

ударните телевизии и спортските преноси, особено фудбалските, во овој закон не е дозволено. Или треба да биде дозволено или треба да биде забрането, односно да го сменат концептот.

Сега, дали тоа Владата ќе се одлучи да го направи еден месец пред избори, два месеци пред избори или сега брзо, тоа пак останува да законот биде еден инструмент во рацете на Владата во политички цели, што апсолутно не е добро и не е демократски.

Тоа е намерата на законот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам.

Впрочем, работата на инспекциите и улогата на Советот за радиодифузија, како регулаторно тело е токму да врши контрола во радиодифузната дејност. Затоа, во новиот закон за радиодифузија улогата на Советот за радиодифузија е во делот на контролата или инспекцијата на сите електронски медиуми во Република Македонија .

Не е точно тврдењето на господинот Китаноски дека претставници на пратеничката група на ЛДП дале поддршка во почетокот, а потоа ретерирале. Тоа воопшто не е точно. Барам тој да се извини заради таквото тврдење.

Секако, улогата и на другите инспекции, инспекциите на Управата за јавни приходи е да ги контролираат сите субјекти во Република Македонија, без разлика дали е тоа некоја телевизија, некоја издавачка куќа, дали е тоа Собранието или некои други институции во државата. Тоа е улогата на Управата за јавни приходи да ги контролира.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господинот Китановски не рече за ЛДП, туку рече еден пратеник од ЛДП. Тоа го кажа.

Господине Китановски сега барате збор?

Повелете, имате збор.

**Илија Китаноски:** Имам право на збор.

**Љупчо Јордановски:** Имате право, нормално.

**Илија Китаноски:** Добро, само една минута.

Се што сметав дека е битно и важно го кажав и го образложив. Ја кажав и намерата. Меѓутоа, очигледно не е добро сфатена.

А сега, само за информација, мислам дека госпоѓата Роза Топузова-Каревска ја даде таа изјава. Колку што знам, таа е координатор на вашата пратеничка група ЛДП, дека делумно е прифатлив тој закон за неа.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале, 14 гласале за, 1 воздржан, 46 против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точката 23-Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон.**

Предлагач е пратеникот Кире Гештаковски.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, дописите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за финансирање и буџет и Мислењето на Владата ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господине Гештаковски, како предлагач вие имате право прв да земете збор.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе.

Основната причина поради што побара измена и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал беше фактот што со последната измена, акциите што беа издадени на Агенцијата на Република Македонија, а што со последните измени на Законот се пренесуваат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се ставени во правна состојба да се без никаква заштита, па се подложни на можност за намалување на нивната вредност.

Приоритетните акции, сите знаеме, по својата функција се акции без право на глас. На овој начин тој државен капитал, односно акциите на тие акционерски друштва, што во својата структура на капиталот имаат акции што се пренесени на Фондот за пензиско и инвалидско, остануваат незаштитени.

Без оглед на процентот на предметните акции во вкупната главнина на друштвото, тие вредносно се со една респектабилна вредност, се смета дека некаде околу 200 милиони евра се незаштитеи државни акции. Во сегашното законско решение се јавува една голема нелогичност.Односно, постојат случаи каде што 51% или повеќе од овој процент од вредноста на главнината на друштвото изнесува неколку стотици или десетици илјади евра, а пак за разлика од ова има случаи каде што многу помал процен од 51 од главнината на друштвото, вредносно е капитал со повеќе милиони евра вредност.

Така, со сегашното законско решение, токму овој капитал, по чија продажба треба да се слеат средства во Буџетот на Република Македонија, а што кажав дека не е мал, останува на исклучиво управување и располагање со останатите акционери. А субјектот, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување не е во можност да ја остварува функцијата на управување и заштита на акциите.

Со членот 7, став 5 од овој закон, истите одредби предлагам да се применуваат и на уделите, бидејќи оваа категорија на имот е подложна на оштетување.

Значи, едноставно барам да се врати законското решение од пред 2 години кога акциите во надлежност на Агенцијата за приватизација беа со неприоритетно значење во однос обични акции со право на глас. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Шајноски имате збор, повелете.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе.

Господине претседателе, денешнава дискусија ќе трае малку подолго во споредба со досегашните мои настапи и сакам тоа да го разберете како протест против незаконското работење на Владата на полето на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, како протест против Предлогот на закон што го имаме денеска и затоа што сметам дека за разбивање на некоја човекова заблуда или глупост потребно е да се вложи и повеќе енергија и да се има поголема временска координата одколку за разбирање на некоја вистина.

Уште на почетокот би сакал да се извинам што мојата дискусија ќе ја нема нужната елеганција. Тоа го правам свесно. За сметка на елеганцијата ќе си дозволам да повторувам некои клучни аргументи во желба и намера да ги убедам пратеницие во антиреформскиот карактер, во безполезноста и во штетите што ќе ни ги донесе прифаќањето на овој Предло-закон.

Господине претседателе,

Од друга страна пак, повеќе ми е желба одколку намера со денешнава дискусија да го разбудам Господа во пратениците, бидејќи сакале или не и тие се чеда негови. Се молам тој да се обиде да не ги воведе во искушение да гласаат за овој закон и да ги избави од лукавиот кој очигледно не знае многу за акционерството и капитализмот, но знае многу за неговите лични потреби, за комунизмот, се надевам.

На дневен ред денеска имаме Предлог-закон за измена на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, поднесен од пратеникот Кире Гештакоски, а пишуван од некој друг, што не е недозволиво. Сакам само да ја нагласам можната разлика помеѓу подносителот и пишувачот.

Во процесот на донесување на било какви закони, како секаде во светот, така и во нашето Собрание постои стандардизирана процедура што дефинира скоро се, па и редоследот на прашањата по кои што треба да се оформи некој предлог на зкон. Тоа не е случајно и не е желба на некои бирократски структури. Целта е процедура да го принуди подносителот и пишувачот сериозно да размислува за темата во сите фази од нејзиното донесување, па и во фазата на подготвување и поднесување. Ако пишувачот или подносителот не може да најде рационални законски образложенија за целта, не може да најде уставна основа, или не може да ја докаже применливоста и спроведливоста или компатибилноста со останатите закони, должни се сами да се откажат од намерата, ако навистина се сериозни луѓе.

Ако пак тие не се во состојба или не сакаат да увидат дека нивниот предлог не е здрел за во Собрание, тогаш должност на пратениците е да им го кажат тоа одбивајќи такви штетни, јалови закони. Токму овој случај на Предлог на закон е шанда овој систем да профункционира.

Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал е донесен во јуни 1993 година. До денеска над него е интервенирано 13 пати со разни измени, дополнувања, исправки, автентични толкувања и сл. И тоа, еднаш е интервенирано во 1993 година, еднаш во 1997 година, два пати во 1998 година, четири пати во 1999 година, еднаш во 2000-та година, еднаш во 2002, два пати во 2003 и последната измена е донесена на 11.06.2004 година кога конечно на државата, Република Македонија и се наложи да ги пренесе сите акции и удели што не успеа да ги продаде до 31 декември 2004 година на Фондот за ПИОМ и тоа како приоритетни. Со оваа последна измена на Законот, мислевме дека официјално заврши трансформацијата на капиталот во фирмите, што ќе рече државата, барем така мислевме, е развластена и нема повеќе никакво управувачко влијание во приватните компании. Но, испадна она народното, едно мислел камиларот, друго мисли камилата.

Во сите овие случаи измените на Законот биле во смисла да се подобрат или допрецизираат некои одредби, но при тоа во ниту еден случај не е загрозуван реформскиот карактер на овој закон, бидејќи сите имаме на ум дека тој претставува еден од столбовите во приватната сопственост и пазарната економија. Да ве потсетам дека во 1993 година кога е донесен овој Закон, се земаше како доказ да се покаже пред западниот свет дека и Република Македонија тргнува кон капитализам.

Овој закон претставува камен меѓник меѓу едно време во кое државата се сметаше за идеален газда, а приватниците беа лошите и друго време, кога државата сама се прогласи за лош газда, а приватниците како подобри од неа. Тоа друго време треба да е ова, што го живееме денеска. Но, дали е така?

Ова измена на Законот што ни се нуди, говори дека многу од нас живеат во она прво време.

Со понудениот Предлог на закон за измена на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал се предлага акциите и уделите што државата ги имаше во сопственост и не успеа да ги продаде до 31 декември 2004 година, а согласно Законот му ги пренесе на Фондот за ПИОМ како приоритетни, да бидат обични. Значи, со овој закон се нудат од

приоритетни да бидат обични. Народски кажано, ова значи дека после усвојувањето на овој Предлог-закон Фондот за ПИОМ ќе има право за учество во управувањето со голем број фирми во Република Македонија, стразмерно со процентот на акции и удели што ги поседуува по подделни фирми.

Значи и тоа дека Фондот ќе мора да ополномошти повереници за да управуваат со акциите во фирмите и значи дека се откажува од правото на дивиденда, што го осигуруваше досегашниот Закон, преку приоритетните акции. Со други зборови, Фондот сега прави се исто што правеше државата досега. Слезе Мурто се качи Курто . Законот за трансформацијата со општествен капитал е изигран. Државата не е развластена од приватните фирми, што значи процесот на трансформација не што не е завршен, туку е вратен во 90-тите години од минатиот век.

Не можам да сфатам кого сакаме да лажеме со вакви гимнастики: своите граѓани, самите себе или светот. Пишувачот со овој Предлог закон се обидел низ, наизглед формално мал закон да ги протне своите големи заблуди, а при тоа да се залажува дека тоа не е забележливо, маскирајќи ја вистинската цел со наводна грижа за зачувување на вредноста на акциите и уделите што ги поседува Фондот за ПИОМ. Да не ви е досадно ќе ви кажам како Ајштајн размислувал за предлози што му се нуделе. Тој бил секогаш недоверлив кои му доаќале со предлози што наводно ќе му користеле нему. Значи, тој не верувал во такви предлози што му се носат за да му користат нему.

Во образложението на Предлог законот пишувачот вели дека причина поради која треба да се донесе овој закон е заштитата од можно намалување на вредноста на акциите што ги поседува Фондот за ПИОМ.

Понатаму, во текстот се набројани две поенти како силни аргументи за оправданоста на оваа идеа.

Првата поента е дека капиталот на Фондот за ПИОМ бил оставен на располагање на останатите акционери во приватните фирми, а Фондот не бил во можност да остварува функција на управување и заштита на акциите односно Фондот бил принуден да прифаќа одлуки од останатите акционери.

Втората поента е дека приоритетните акции од Фондот, што со Закон се определени да бидат такви, требало да бидат обични, бидејки без оглед на малиот прроцент на акции што Фондот ги има пооделно во фирмите, тие вредносно биле со респектабилна вредност. Што да се каже за овие два аргументи.

Од првиот аргумент се гледа отворено жалење што во приватните фирми каде и Фондот има акции, одлучуваат само другите акционери, но не и Фондот идржавата. Замислете, тие приватници и безобразници веќе не го прашуваат Фондот, т.е. државата, т.е. нејзините претставници за ништо при одлучувањето. Пишувачот не може да се помири со фактот дека приватната иницијатива и индивидуализмот, а не државната иницијатива и колективизмот е иднината и на оваа држава. Ова е обезбедено токму со членот 7 од Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, што денес предлагачот сака да го урне. Значи, удира во темелите на сопственоста, удира во суштинскиот член со кој е дефинирана и идеологијата. Пишувачот не може да ги заборави времињата ког аупрaвуваа не само со фирмите, туку и со животите и судбините на луѓето.

По однос на втората поента, бидејќи не сакам да верувам дека не знаете што е процент, ќе сметам дека манипулирате со пратениците. Говорите со чудење како можело 51% од вредноста на главнината на некоја фирма што изнесува неколку десетици илјади евра, акциите да бидат не само со право на глас, туку и да имаат управувачки пакет. А, пак, во случај на големи фирми каде и 5% од главнината на друштвото вредносно е на капитал од неколку милиони евра акциите да биле без право на глас. Овој резон е поводот пишувачот да заклучи дека приоритетните акции од Фондот, што ги поседува во големите фирми не знам што мисли за приоритетните акции во малите фирми, се конвертирале во обични акции, зошто вределе многу. Ова е смешно да не е пробелмот сериозен. Вределе многу. Многу малку вредат токму 5% и крај. Со 5% не можеш да имаш забележителна улога во управувањето на некоја фирма, без разлика колкава е вредностно таа сума. А, со 51% има и управувачки пакет, без разлика што вредносно е многу малку. Процентот е релативен однос, а вие меќате процент, две фирми и номинални вредности. Не може така да се рачуна, може така да се манипулира. Но и да претпоставам дека со овој Предлог закон имате чесни и племенити намери, тогаш морам чесно и племенито да ви укажам дека не сте го одбрале вистинскиот пат за да ги заштитите акциите од Фондот. Зошто? Па, господа, ниту може со било каков закон акциите да се штитат, ниту Фондот е законски обврзан да ги штити своите акции, ниту некој од него тоа го бара, ниту има од кого Фондот да ги штити акциите. Напротив, законска обврска за штитење на акциите ја имаат менаџерските структури во приватните фирми. Фондот и државата со закон се оневозможени да учествуваат во управувањето и да ги штитат акциите што ги имаат во фирмите. Значи, државата со закон е развластена од приватните компании што се однесува до управувачкиот пакет. Сватете дека не може да се врати времето кога се мислеше дека само државата вистински може да ги штити акциите и народниот имот. Доста државата не штитеше. Видовме колку таа успеа да ги заштити акциите кога ги имаше во свои раце и управуваше со нив. Тоа беше до вчера и добро памети секој од нас. Па, таа ги оттуѓи, бидејки била лош газда. Зарем заборавивте? Немојте сега да го ставате Фондот

како подобар газда од државата и нему да му ги препишете сите функции од државата по однос на акциите во фирмите. Тој филм го имаме гледано, дајте да пробаме поинаку. Да и дадеме предност на приватната иницијатива како што бараат законите.

Врз претходно споменатите два климави, измислени аргументи е изградена оваа идеа за предлог на измена на закон за трансформација на претпријатија со општествен капитал. Тоа значи дека овој Предлог закон нема јасно видливи темели со дефинирани координати на почвата и може да се рече дека лебди. Од тие причини многу е тешко да се сруши оваа заблуда конструирана од власта. Не можеш да ги лоцираш темелите и да удриш врз нив со сета сила и со сите аргументи. Заради тоа, јас се одлучив во мојава дискусија да пукам од сите орудија, па и по неколку пати во иста точка од оваа лебдечка креатура од закон што се предлага и да ја распарчам на најситниделови, а бидјеки темели нема, после распарчувањето ќе биде целосно разбиена и ќе нема трага од неа за секогаш. Тоа ми е и желба и намера. Ќе се обидам да ви докажам, а времето тоа ќе го потврди подоцна дека овој Предлог закон е лицемерен и антиреформски, бидејќи ги поткопува темелите на приватната сопственсот, дозволувајќи и на државата повторно да се меша во приватните компании, против што наводно се боревме во последниве 15 години.

Прво, со овој Предлог закон вие, барајки Фондот да има учество во управувањето со приватните фирми на еден перфиден начин, скришум го поместувате меѓниког помеѓу комунизмот и капитализмот во полза на комунизмот, ставајќи го времето на незавршениот процес на трансформација на општествениот капитал.

Ако го усвоите овој Предлог закон ви тврдам многу скоро ќе носием нов закон со кој ќе го развластуваме Фондот од учество во управувањето со приватните фирми, со што пак ќе го завршиме процесот на трансформација. Колку пати и до кога ова ќе го правиме? Па, не правете вакви циркузи. Ако навистина ви е жал за акциите од Фондот, а не се грижите за реформскиот карактер на законите, подобро е да предложевте закон со кој на државата и се враќаат акциите што ги поседува Фондот и тоа како обични управувачки. Тоа е подобро, бидејки сметам дека државата е лош газда, но Фондот сигурно е уште полош. Дали сваќате во што е поентата? Целта на измените во Законот за трансфорамција на претпријатија со општествен капитал од 2003 и 2004 година беше токму тоа, државата и нејзините институции не смеат да имаат акции со управувачка моќ во приватните фирми за да може да се заврши процесот на трансформација на државниот капитал во фирмите. Затоа, и акциите што државата ги пренесе на Фондот се приоритетни. Тоа е смислата на Законот за трансфорамција на претпријатија со општествен капитал.

Второ, вредноста на акциите и уделите не може да се заштитува со закон, туку со работа и тоа не било каква, туку успешна работа на фирмите која се верифицира на пазарот на стоки и берзата за хартии од вредност. Секој обид вредноста на акциите да се штити со закон е неизводлив и неуставен, па макар и акциите да се државни. Не може акциите што ги поседува државата или државните институции да се привилигирани. Според тоа , надвор од умот е и идеата некој со закон да има цел да заштити вредност на акции, како што е случајот денес.

Во Предлогот пишувачот дури и не објаснил на кој начин со оовј закон ќе ги заштити акциите од Фондот. Ако мислел дека само со фактот што ги конвертирал приоритетните во обични и ги заштитил, се лаже. Бидејки, прво, и до сега тие акции како обични ги имаше државата во свои раце, па не успеа да ги зачува и да ги заштити.

Второ, сите акции што ги поседуваат приватните фирми се обични, но никој сопственик нема и не може да има гаранции дека вредноста на акциите им е заштитена. Никој не може да ја гарантира вредноста на акциите. Вредноста може само да се предвидува или прогнозира и во зависност од тоа да се продаваат или да се купуваат акциите. Оваа неизвесност е она нешто што го движи капитализмот. Таму се е на секојдневна проверка и потврда. Кој ќе подзастане, тој ќе губи и заминува, а доаѓаат нови, посилни и поорганизирани. А, ако некој сака гаранција за вредноста на акциите, треба да си ги продаде и парите да си ги стави во банка за некоја камата, а дури и тоа не е баш сигурно. Со акциите е така, денес може да имаат висока вредност, а по некое кратко време да не вредат ни пет пари.

Трето, Фондот за ПИОМ поседува акции и удели во многу фирми во Република Македонија. Нивниот вкупен износ е редовно помал од 51%, а најчесто изнесува само неколку проценти од вкупниот капитал на фирмите. Ве прашувам, како тогаш Фондот законски ќе успее да го земе управувачкиот пакет во некоја фирма, за да биде во состојба сам да го води бизнисот и да ги заштити акциите, ако не мисли тоа да го прави насилнички со помош на државата. Дали знаете дека скоро во сите фирми веќе има приватни акционери кои го имаат управувачкиот пакет со над 51% од управувачките акции. Како вие ќе управувате кога тие не ве сакаат во фирмите. Дали гледате дека ова што го предлагате е неизводливо. Ако целта со овој Предлог закон нависитна ви беше заштита на акциите од Фондот, треба веднаш да се откажете, што е разумно и човечно. Но, јас знам дека вие тоа нема да го сторите, бидејки целта не ви е заштита на акциите од Фондот, туку лукавиот се намерил да лапне уште некоја приватна фирма.

За да ви биде појасно што сте предложиле, ќе ви кажам дека во Законот за трансфорамција на

претпријатија со општествен капитал децидно е кажано дека само во случај кога акциите и уделите издадени на Фондот за ПИОМ, врз основа на член 19 од овој Закон и пренесените акции од став 1 и 2 од член 7 на измените од Законот, учествуваат со повеќе од 51% од главнината на друштвото, истите се обични. Ако се помалку од 51% истите се приоритетни. Значи законодавецот предвидл кога Фондот има право на обични или гласачки акции или право на управувачки пакет во фирмите односно кога Фондот треба законски да се грижи за вредноста на акциите. Во спротивно, акциите се приоритетни и влечат само дивиденда.

Зошто законодавецот го направил ова вака? Зарем тој не мислел за заштитата на акциите од Фондот. Напротив, затоа што мислел и го понудил ова решение. Законодавецот знаел дека прави реформски закони со кој се удираат темелите на приватната сопственост и пазарната економија. Тој знае дека сите акции од една фирма, а не само на Фондот најдобро ќе бидат заштитени ако за нив одговараат приватните акционери. Тие природно се најзаинтересирани да ја штитат личната сопственост. Наспроти тоа, имаме искуство како лесно државите и државните институции од комунистичкиот свет, каде што целокупното национално богатство беше сопственост на државата и таа го штитеше, беше разнебитено пред очите на народот на еден вулгарен начин за невероватно кусо време. Само за споредба обидете се денес да направите промени во системот, на пример, во Чешка или во Унгарија. Ќе видите кој подобро се грижи за сопственоста. Затоа, не убедувајте ме дека Фондот подобро ќе се грижел за акциите, отколку приватните акционери. Законодавецот кога го пишувал Законот за трансфорамција на претпријатија со општествен капитал ја имал предвид главната идеолошка поента, а тоа е приватизација на фирмите односно тргање на државните раце од приватните фирми во целост. Тоа е клучниo тмомент и клучната реформа што најавува дека идеологијата н акомунизмот т.е. државната сопственсот заминува во историјата за сметка н априватната сопственост и пазарната економија наречена капитализам. Всушност, тоа значеше реформа и затоа тој закон е наречен реформски. Суштината беше во сопственоста и правото на управување. Затоа, кога законодавецот му доделува на Фондот за ПИОМ акции и удели како надохнада за минатиот труд на пензионерите и инвалидите, нагласил дека тие акции мора да се приоритетни т.е. негласачки т.е.неуправувачки. Тоа не е случајно. Законодавецот е конзистентен. Акциите на Фондот мора да се приоритетни, за да законите останат реформски, што значи Фондот како државна институција не смее да има право на управување со приватните фирми, туку може да влече само дивиденда за своите акции. Во случај кога акционерите не се задоволни од дивидендата или сакаат да го променат раководството, а не можат да соберат мнозинство акции за смена на истото, законодавецот ја предвидел можноста тие акционери навреме, додека акциите од нивната фирма котираат добро на берзата за хартии од вредност, да ги продадат, а за парите можат да си купат што сакаат, па дури и акции во други фирми каде би добивале поголеми дивиденди.

Ова се можностите на акционерите во целиот свет. Никаде со закон не е изводливо да се штити вредноста на акциите т.е. да се влијае на бизнисот со вкупно акции помалку од 51%, што е случајот со ПИОМ.

Четврто, во Законот за трговски друштва, заштитата н акапиталот и водењето на бизнисот во фирмите е законска обврска на органите на управување и менаџерските тимови, а не на државата и државните исnтитуции. Во тој контекс и заштитата на акциите што ги поседува Фондот е исклучива законска обврска и должност на управувачките и менаџерски структури во фирмите. Тие за таа обврска одговараат и кривично според Законот.

Според тоа, останува нејасно од кого тоа по овој Предлог закон Фондот за ПИОМ ќе ги штити акциите. Од тие што со закон се обврзани да ги штитат? Ако сте навистина сериозно загрижени за вредноста на акциите од Фондот, тогаш дајте во законот да внесеме еден член каде што ќе напишеме дека кривична одговорнсот за незаштитување на акциите ќе сноси Фондот и луѓето во фондот. Или, тоа вие не сакате, вие сте научени како во комунизмот, вие само да молзите, а друг да пасе.

Петто, државата самоволно веќе 15 години тврди дека е лош газда и дека затоа ги оутѓила акциите од приватните фирми. Па, еве, се спрема да отуѓи и дел од профитабилниот ЕСМ од истите причини. И, види чудо! Одеднаш државата т.е. власта се сети дека Фондот за ПИОМ бил добар домаќин и газда и нему му ги препишува сите свои акции и удели, но како обични, а не приоритетни за да можеле да ја штитат вредноста на акциите во приватните фирми. Ајде штоовој предлог е неприменлив, ајде што е противзаконски, ај што нема 51% за да управува во фирмите, тукуе и лицемерен. Државата со сите институции под свое неуспеа да ги заштити акциите во приватните фирми, ама можел Фондот за ПИОМ и тоа сам. Па, сватете еднаш не е можно луѓето од Фондот што не вложиле лични пари да ги бранат акциите и бизнисот во фирмите пожестоко, поискрено и поприродно од сопствениците што купиле акции со лични пари. Зарем сеуште мислите дека има будали приватни инвеститори што би вложиле пари, а потоа сами би си ги уништиле фирмтие или би чекале Фондот да им го води бизнисот. Ова е или тотално неразбирање на проблемите со акционерството или личните интереси на пишувачот станале општествен или партиски интерс, па мнозинството овде ќе гласа за, што е погубно за оваа држава и

капитализмот во неа, што чекаме веќе 15 години да се роди.

Но, тврдам дека носењето на овој закон ќе значи провокација за намерен абортус. Државата ќе ни роди капитализам, ама мртов, а ние ќе си останеме и без капитализам и без комунизам од кого сега ни препорачуваат конечно и писмено да се разведеме и без капитализмот кого ќе мора допрва да го зачнуваме.

Петто, дури и политички гледано не е моментот за носење на еден ваков ретрограден закон во време кога Запад бара да се извиниме за жртвите од комунизмот, ние носиме нереформсмки закон со кој приватните фирми ги ставаме пак во скутот на државата. Дали е ова направено намерно или од дилетантизам, подоцна ќе ни објасни Европската унија во некој свој извештај.

Предлогот на Владата и предлогот на пратеникот Кире Гештаковски се две варијации на иста тема. Тие се толку слични дури се и исти од гледна точка на реформскиот пристап само што предлогот на пратеникот дрвото на реформите го засекува во корен, а со предлогот на Владата неколку сантиметри над земја, но сеедно дрвото ќе се исуши и во двата случаи.

Всушност, и двата предлози се неуспешни обиди да се затскрие вистинската цел зад наводната грижа за вредноста на акциите што ги поседува Фондот за ПИОМ. Тоа беше и за очекување гледајќи кој е предлагачот.

Во изминатите минути се обидов да ве убедам во антиреформскиот карактер на предлогот од пратеникот Гештаковски. Во наредните минути, пак, ќе се обидам истото да го сторам и со мислењето на Владата.

Во своето мислење што го испрати Владата по повод овој Предлог-закон, најпрвин таа го цитира членот 280 од Законот за трговски друштва и членот 7 од измените на Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал и вели: "Очигледно е дека тие се контрадикторни и дека е евидетна потребата од донесување на закон за измена на Законот за трансофрмација на претпријатија со општествен капитал" и ништо потоа. Толку. Своите дискусии и Сталин ги започнувал со зборовите: "општо е познато или евидетно е, или сите знаеме" и после оваа фраза тој го наведувал фактот што сакал да го протне како општа вистина-докажана, а всушност е тотална невистина. И така, кој од срам како може да не знае за тој факт за кој сите знаат, кој од страв, дискусии немало и без докажана вина луѓето страдале.

Слично е и во природните науки. Просторот и времето се прифаќаат како опште познати поими. Секој човек без да учи, сам од себе уште како дете сфаќа што е време, што е простор. На сите им е јасно се за времето и просторот без напор уште како деца. Само малку луѓе низ историјата се одважиле да признаат дека општо познатите поими време и простор не им се јасни и се осмелиле да прашаат што е време, што е простор. Од овие прашања подоцна се роди новата наука квалитетно различна од претходните наречена Теорија на релативитетот.

Но, да се вратиме пак на нашите македонски состојби. Да ве потсетам дека Владата вели дека е евидентна потребата од измени и тн. Тврдам дека не е евидетна потребата од измени во Законот за трансофрмација на претпријатија со општествен капитал ниту има контрадикторност во членовите 280 од Законот за трговски друштва и членот 7 од измените во Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, туку контрадикторна е владината скриена цел со позитивните законски прописи и нивната реформска ориентација.

Владата имаше обврска да ја докаже контрадикторноста и евидентната потреба од измена во Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал како што вели во мислењето, па од тие докази да произлезе потребата од измени на било кој закон.

Сега ќе ви докажам дека нема ниту контрадикторност ниту потреба од измени на било кој постоечки закон, а се да функционира по закон.

Членот 280 од Законот за трговски друштва вели: "Приоритетните акции во согласност со одредбите на овој закон можат да бидат издадени како акции со право на глас и како акции без право на глас. Вкупниот номинален износ на приоритетни акции без право на глас не може да биде поголем од 30% од основната главница на друштвото. Вкупниот номинален износ на приоритетни акции со и без право на глас не може да биде поголем од вкупниот номинален износ на обични акции во основната главница на друштвото".

Членот 7 став 3 од измените на Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал вели: "Акциите од став 1 и 2 со денот на преносот од државата на Фондот се конвертираат во приоритетни акции", не кажува со право или без право на глас.

Ставот 4 од член 7 вели дека доколку процентот на вкупно приоритетни акции што ги има Фондот и почлен 19 и по член 7 надминат 51%, тие постануваат обини. Значи, ако Фондот има над 51% приоритени акции тие автоматски, по закон, по постоечките закони постануваат управуваки, бидејќи Фондот го има управувачкиот пакет и мора да управува со фирмата.

Во овие два члена од двата закона нема ништо контрадикторно, туку Владата се обидува да измисли проблем кој ќе биде причина за измени во Законот за трансформација и Законот за трговски друштва со што ќе добие шанса да скрои закон по лични желби. Проблемот дека наводно не е јасно или не се знае што да се прави со приоритетните акции што ги поседува Фондот откако државата му ги пренесе своите акции кои беа обични, а не постоечки, значи тој проблем е

непостоечки. Во членот 7 став 4 експлицитно стои дека ако вкупната номинална вредност на приоритетните акции со и без право на глас изнесува над 51% акциите постануваат обични. Прашањето е што ќе се прави кога вкупнтата вредност изнесува помалку од 51%. Е, кога во некој процес на размислување се појават двоумења или можности за продолжување во повеќе насоки најдобар начин да се најде вистинското решение е да се вратиме на изворните принципи и да се запрашаме што ни беше целта и на кои основи нејзе ја градевме. Истото треба да го направиме и во нашиот случај. Што да правиме кога приоритетните акции се помалку од 51%? Се враќаме назад и се прашуваме што беше целта со Законот за трансформација и Законот за трговски друштва. Целта беше да ја тргнеме државата од управувањето во фирмите, а таа цел ја градевме врз основите на приватната сопственост и пазарната економија.

Имајќи го ова во предвид се враќаме на проблемот што вие го измисливте и заклучуваме дека вистинско решение за нивната судбина мора во себе да содржи намера, да се добие минимално мешање на државата во управувањето со фирмите и следствено на тоа максимално учество на приватните акционери со управувањето со приватните фирми, а не да се жалиме дека другите акционери управувале со акциите од Фондот.

Така на пример 49-те приоритетни акции од Фондот, ако Фондот на пример има 49% приоритетни акции, по постоечките закони нив ќе ги третираме на следниот начин. 30% ќе бидат приоритетни без право на глас по член 280 од Законот за трговски друштва со што го користиме максимално правото Фондот да биде надвор од управувањето со фирмите, а од друга страна сите фирми ги ставаме во рамноправна положба по однос на тоа да имаат 30% приоритетни акции без право на глас, а 19% од приоритетните акции со право на глас. Значи, од 49% што ги има сега Фондот 30% ќе бидат приоритетни без право на глас, а 19% со право на глас. Со тие 19% Фондот ќе може да влијае во управувањето во фирмата, но никако да ја води фирмата.

На тој начин државата ќе има минимално учество во управувањето, согласно законите, и ќе остане конзистентна на идејата за брза реформа на претпријатијата со општествен капитал. Ова е вистинското решение кое постои во законите и не бара никакви измени ниту на Законот за трговски друштва ниту на Законот за трансформација.

Предлогот на Кире Гештаковски сите акции што ќе се пренесат на Фондот да бидат обични. Прво, бара измени во законите, а второ е класичен упад на државата во управувањето со фирмите.

Предлогот на Владата е упад, сличен со предлогот на Гештаковски, само е упрад во помали размери.

Ако се прифати мислењето на Владата или предлогот на Гештаковски ќе дојдеме во една опасна ситуација каде ќе се случи да му одземеме управувачки пакет на некој инвеститор.

На пример, некое друштво издало 15% приоритетни акции без право на глас. Остануваат 85% обични акции односно управувачки акции. Доаѓа инвестотор домашен или странски и сака да купи управувачки пакет. Управувачкиот пакет во овој случај е 43%, бидејќи 15% се приоритетни без право на глас и тој купува 43% и го зема управувачкиот пакет. 31% од обичните акции и припаднале на државата, како што припаѓаа по Анте Марковиќ, во многу фирми е таа ситуација и 12% на работниците. Сега со измените што ги бара Гештаковски или мислењето на Владата Фондот ќе има 15% приоритетни претходно што по Законот на Анте Марковиќ му следуваа на Фондот и 31% што државата сега му ги пренесува, Фондот ќе собере вкупно 46% приоритетни и обични акции. По предлогот на Кире сите стануваат обични, значи ќе има 46% управувачки акции, а овој странецот-инвеститорот со своите 43% управувачки акции го губи правото на управувачки пакет. Тој човек е изигран.

Значи, со предлогот што го нуди Гештаковски и со мислењето на Владата многу често ќе има вакви случаи каде некој купил управувачки акции во процент помал од 51, бидејќи ако си издал приоритетни акции без право на глас, управувачките акции се помалку од 100%, значи ќе имаме изигрување на акционери кои потрошиле лични средства да учествуваат во управувањето.

Да резимирам:

Прво, двата предлога за измени во Законот за трансофмрација на претпријатија со општествен капитал поднесени од пратеникот Кире Гештаковски и мислењето од Владата се антиреформски, бидејќи форсираат државна сопственост во фирмите за сметка на приватната.

Второ, и двата предлози за нивното спроведување бараат измени во Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, бидејќи во постоечките реформски закони од таа област не можат да најдат место.

Трето, причините кои се нудат како образложение за измени во Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал се лични, ирационални и се во функција да ја замаглат вистината за да може да се манипулира со Законот за трговски друштва и Законот за трансформација, а се со цел да се остварат некои скриени цели на нарачателот на овие измени.

Четврто, овие два предлози се зготвени во една кујна со цел да се озаконат некои криминални дејанија што ќе следуваат.

Петто, вистинската потреба од носење на вакви нереформски закони нема. Наводниот проблем со приоритетните акции во Фондот за ПИОМ не постои. Тој е решен во рамките на постоечките

закони. За да ви е појасно еве уште еднаш ќе ви дадам уште еден пример.

Ако Фондот за ПИОМ по двата основи и по член 19 од Законот за трансформација и по член 7 од измените од 2004 година поседува на пример 45% приоритетни акции, тогаш во членот 280 од Законот за трговски друштва 30% ќе бидат приоритетни без право на глас со што државата максимално бега од приватните фирми, а 15% ќе бидат приоритетни акции со право на глас и ќе учествува во управувањето, но без управувачки пакет.

На ваков начин државата го задржува реформскиот курс и покажува дека не сака да се меша во управувањето со приватните фирми.

Предлогот на Владата до 30% од акциите што Фондот ги поседува да бидат приоритетни без право на глас, а над 30% да бидат обични е незаконски и нема основ во ни еден посточеки закон.

Со овој предлог се ускратува правото на фирмите да имаат до 30% приоритетни акции и без право на глас, што го дава членот 280 од Законот за трговски друштва, а државата повторно се втурнува во управувањето во фирмите, што значи ќе мора да прима штрајкувачи пред својата порта.

Шесто, прифаќањето на било кој од овие два предлога од пратеникот или од Владата ќе биде само уште еден од многуте примери и докази што се може да се случи во оваа држава под оваа власт.

Овој пример е карактеристичен по тоа што претставува врв на цинизмот на поединец во власта кој за лични потреби прави закон, но е и овоземен знак дека оваа власт многу скоро ќе падне . Секако дека никој не е одговорен пред законите и општествените норми за идеите што му се раѓаат во неговата свест. Но, целосно е одговорен како се однесува кон нив ако тие станат реалност. Вакви случаи, кога идеите родени во главите на некои се заканувале да станат или станале реалност и против волјата на луѓето и против законските норми низ историјата имало многу и сите тие се забележани, обележани и запаметени, а таквите примероци од луѓе се класифицирани во посебни графи. Тие примероци од луѓе ниту ги познаваат ниту им се важни моралните и законските норми во едно општество. Мислат дека се ќе покријат ако насилно, како денеска, донесат закон како општествено призната категорија на присила за своите лични желби.

На крајот, за да ви докажам нагледно дека ова што го нуди Владата и пратеникот е манипулација за остварување на други цели, ќе ви прочитам како власта ја докажува идејата и ја оправдува идејата за продажба на ЕСМ-Дистрибуција. Ова е јавниот памфлет што го дистрибуира во дневниот печат на 25.02.2006 година. Значи, државата има двоен морал. Кога сака да го продаде ЕСМ, еве што ни зборува. Значи, памфлетот е најважните прашања кои треба да се одговорат за приватизацијата на ЕСМ. Внатре пишува, меѓу другото, приватизацијата не е цел сама по себе, туку е дел од реформски пакет, а во случајот на предложениот закон не што е сама за себе, туку малку пошироко лично за некој.

Понатаму пишува ако ЕСМ-Дистрибуција остане во државна сопственост, Владата ќе мора да се задолжува за да инвестира во дистрибутивниот систем додека стратешкиот инвеститор...

**Слободан Најдовски:** Господине Шајноски, ќе ве молам, дискутирајте за законот. Тоа не е за законот, тоа е за ЕСМ, кога ќе дојде за ЕСМ, еве имате точка на дневен ред...

**Драго Шајноски:** Јас не читам за ЕСМ, јас кажувам како Владата го оправдува продавањето на ЕСМ Така?

**Слободан Најдовски:** Ќе ве молам за законот поврзано да дискутирате.

**Драго Шајноски:** Имам уште две реченици.

Искуството покажа дека државата е лош газда на државните претпријатија. Е, сега, во нашиот пример на овој Предлог, пак ја враќаме државата како газда на претпријатијата.

Приватната сопственост на ЕСМ-Дистрибуција ќе има позитивно влијание врз квалитетот на услугите и тн. Значи, државата моралот го фингира, го штелува спрема потребите, кога и треба да каже односно да признае дека е лош газда за да го продаде ЕСМ признава, а веднаш потоа носи закон дека е добар газда, не таа, додуша Фондот бил добар газда и му ги дава акциите да управува . Е, од ова може да видите што Влада имаме. Затоа не треба да се чудиме зошто сме со најнизок раст на економија во регионот. Во оваа јавна Македонија најважно е некој да си ги задоволи сопствените потреби, а не општата потреба од развој. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Господине Гештаковски реплика или дискусија, со оглед на тоа што сте предлагач, треба дискусија.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Тука паднаа многу тешки зборови. За мојата дискусија нема да ми биде доволно времето до 18,00 часот. Ако продолжиме понатаму, да дискутирам, ако не, не можам да дискутирам.

**Слободан Најдовски:** Денеска ќе завршиме во 18,00 часот, а утре ќе продолжиме.

Ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,50 часот)